Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 236 став (11) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) и член 45 став (5) од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), УП1 бр.11-95/11 од 17.12.2018 година, на Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОСУПЕР БС 95, ЕУРОДИЗЕЛ БС, ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ-1) И МАЗУТ (М-1)**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), на Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Одлука УП1 Бр. 11-95/11 од 15.02.2012 година, изменета со Одлука УП1 бр. 11-95/11 од 05.03.2014 година, изменета со Одлука УП1 бр. 11-95-11 од 21.07.2017 година и изменета со Одлука УП1 бр. 11-95/11 од 18.04.2018 година, со евидентен број "НД - 37.03.1/12.2/14.2/17.2/18" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/12, 46/14, 99/17 и 73/18), се менува по барање на носителот поради промена на закупената зафатнина на дел од резервоарските капацитети со кои ја вршат дејноста, и тоа:
   - во Прилог 1, точка 10, став 1 зборовите: "како и 2 резервоара со волумен од по 2500 м$^3$, еден за складирање на Еуродизел БС и еден за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1), во сопственост на МАКСТИЛ АД Скопје лоцирани на КП 2205 КО Гази Баба, населба Железара" се менуваат и гласат: "како и два резервоари од кои еден со волумен од 3293 м$^3$ за складирање на Еуродизел БС и еден со волумен од 3097 м$^3$ за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1), на локација 16$^{та}$ Македонска бригада бр.18 Скопје, КП 2205, Имотен лист 45134, КО Гази Баба, сопственост на МАКСТИЛ АД Скопје".

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (во натамошниот текст: Барателот), на 11.12.2018 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), врз основа на член 45 став (1) од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (во натамошниот текст: Правилникот), поднесе Барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1). Регулаторната комисија за енергетика на 14.12.2018 година

донесе Заклучок за отпочнување на постапка за менување на лиценца со кој утврди кои одредби од Правилникот ќе се применуваат и потребната документација која што треба да биде доставена во постапката за менување на лиценцата.

Барателот постапи по Заклучокот и на 17.12.2018 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), УП1 бр.11-95/11 од 17.12.2018 година (во натамошниот текст: Барање) со побараната документација.

Менувањето на лиценцата е побарано поради промена на закупената зафатнина на дел од резервоарските капацитети со кои ја вршат дејноста. Имено, наместо досегашните закупени 5000м3 од резервоарските капацитети лоцирани на КП 2205, КО Гази Баба, сопственост на АД Макстил Скопје, барателот го има закупено целокупниот капацитет на резервоарите и тоа еден резервоар од 3.293 м3 и еден резервоар од 3.097 м3.

По доставувањето на потребната документација од страна на Барателот, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека Барањето нема формални недостатоци, по што согласно член 20 од Правилникот, донесе Заклучок УП1 бр.11-95/11 од 19.12.2018 година, со кој се задолжува Барателот да ја продолжи постапката и да постапи согласно член 20, 21, 22 и 23 од Правилникот.

Барателот постапувајќи по Заклучокот, го изготви и по одобрувањето од Регулаторната комисија за енергетика го објави текстот на Известувањето на неговото Барање во дневните весници “Нова Македонија” и “Коха“ на 27.12.2018 година. Во предвидениот рок од објавата на известувањето не беа доставени мислења и предлози од заинтересираните физички и правни лица.

Согласно член 34 од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика, одржа подготвителна седница на ден 18 јануари 2019 година.

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 236 став (11) од Законот за енергетика и член 45 став (5) од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика, на ден 21 јануари 2019 година одржа седница и донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1).

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-95/11**
**21 јануари 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**